european roma rights centre

Wesselényi utca 16
Hungary – 1077 Budapest
Office Tel: +36 1 413 2200
Office Fax: +36 1 413 2201
E-mail: office@errc.org
www.errc.org

Гордана Јанкулоска
Министер за внатрешни работи на Република Македонија

Будимпешта, 24ти Септември 2014

Почитувана г-ѓа Јанкулоска,

Европскиот центар за правата на Ромите(ЕЦПР)[1] ја изразува својата загриженост околу континуираните рестрикции на слободата на движење на депортираните граѓани од другите држави како и на осомничените потенцијални баратели за азил. Ваквите практики продолжуваат и покрај неодамнешната одлука на Уставниот Суд која прогласи дека ограничувањата на правото да се напушти сопствената земја се неуставни.

Уставниот Суд на 25ти Јуни 2014 година, ги прогласи неуставни, одредбите од Законот за патни исправи кои им овозможувале на властите да се одземат пасошите на граѓаните кои биле присилно вратени или протерани од друга држава поради постапување спротивно на прописите за влез и престој во таа држава. Сите македонски државјани беа засегнати од овој закон, но истиот беше употребен само против македонските Роми.

Одлуката стапи во сила на 14ти Јули 2014 година, од тој датум гореспомнатите одредби не беа повеќе правосилни. Од истиот датум, безразлика на горенаведеното ЕЦПР документираше неколку случаеви каде што Министерството за внатрешни работи (МВР) донело решение за одземање на патни исправи врз основа на оспорените одредби на Законот за патни исправи, дури и по стапувањето во сила на одлуката на Уставниот Суд, односно донело решение врз основа на неуставни одредби.

Дополнително, покрај незаконското одземање на пасошите, ЕЦПР документираше сличаеви каде што МВР не им дозволува на депортираните граѓани да ја напуштат земјата со нивните лични карти како документ за патување. Според одредбите од Законот за личната карта, рестрикции од ваков тип се дозволени, но под предходно барање на надлежен суд.Таква одлука нема во нашите документирани случаеви. Засегнатите граѓани од овие незаконски мерки не само што се спречени да патуваат во земјата од каде што претходно беа депортирани, но, исто така и во било која друга земја, вклучително и во земјите од регионот каде што македонските државјани можат да патуваат со користење на нивните биометриски лични карти(Република Србија).

[1] Европскиот Центар за Правата на ромите (ЕЦПР) е меѓународна организација од јавно правен интерес, која се занимава со низа активности насочени кон борба против анти-ромскиот расизам и злоупотреба на човековите права на Ромите. Пристапот на ЕРРЦ вклучува стратешко парничење, меѓународно застапување, истражување и развој на политики и едукација за човекови права.

ЕЦПР е особено загрижен за флагрантното непочитување на владеење на правото. Ако македонските власти се загрижени дека македонските граѓани (особено Ромите) ќе патуваат во други земји да бараат азил или живеат и работат без дозвола, наместо да им ги органичуваат основните права,  тие треба да ги адресираат причините што ги мотивираат луѓето да ја напуштат својата земја: сиромаштијата, социјалната исклученост и повреда на нивните фундаментални права. Барањето на право на азил е фундаментално право  (безразлика дали барањето ќе биде прифатено) и значителен број на баратели на азил од Македонија е индикатор кој покажува дека проблемот не може да се реши со спречување на луѓето да си ги остварат фундаменталните права.

Со оглед на сериозноста на горенаведената незаконска пракса , ЕЦПР ги повикува надлежните органи, особено Министерството за внатрешни работи:

- Целосно да се придржуваат кон одлуката на Уставниот суд;
- Секторот за гранични работи и миграции како и останатите организациони единици, особено оние на граничните инспекциски места и надлежни единици за лична идентификација и патни документи да бидат  информирани и усогласени со промените во регулативите за патни исправи;
- Отповикување или спречување на одлуките за одземање на патните исправи и/или забрана да се користи лична карта како документ за патување на депортираните граѓани;
- Да се вратат патните исправи на сите граѓани кои беа засегнати со  неуставните одредби на Законот за патни исправи на државјаните на Република Македонија.

Се надеваме дека Министерството за внатрешни работи и другите релевантни фактори ќе ја препознаат тежината на проблемот, јавно ќе проговорат за истото и ќе сторат се што е во нивна моќ и надлежност да се заштитат правата на засегнатите македонски државјани.

Со почит,

Роб Кушен
Претседател на одборот на директори на ЕЦПР

CC:

Делегацијата на ЕУ во Скопје, Раководител на оддел за политички и правда и внатрешни работи прашања, информации и комуникации, г-дин Роберт Лиддел
Мисијата на ОБСЕ во Скопје, г-ѓа Мирвете Исмаил
Народниот правобранител на Република Македонија, г-дин Изет Меџети
Комитет за односи меѓу заедниците,претседателот г-дин Џеват Адеми и заменик-претседателот г-дин Кенан Хасипи
Националниот совет за евроинтеграции, претседател г-ѓа Радмила Шекеринска и потпретседателот г-ѓа Силвана Бонева
Уставниот Суд на Република Македонија
Амбасадата на САД во Скопје, Македонија
Амбасадата на  кралството Шведска во Скопје, Македонија
Холандската амбасада во Скопје, Македонија